**20251032297**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8-а од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21 и 74/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 мај 2025 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИ НА СКЛАДИШТАРИТЕ ЗА СКЛАДИРАЊЕ, ЧУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Уредбата за утврдување на висината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување и обновување на стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/10, 23/14, 144/14, 173/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.181/19 и 93/22), членот 2 се менува и гласи:

„За складирање, чување и обновување на пченица, јачмен, пченка, оризова арпа, сол и сурово сончогледово масло од стоковните резерви се утврдува надоместок во висина од 100,00 денари/тон на месечно ниво, без ДДВ.

За складираните количини на пченица, јачмен, пченка и оризова арпа се утврдува надоместок за фумигација во висина од 100,00 денари/тон, без ДДВ, еднаш годишно.“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3326/6
20 мај 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.